# КРИТИКА И ПРИКАЗИ

**Д-р Владо А. Ивановски: „ОСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА ВО ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА 1941—1944“, Скопје, 1973, с. 362**

Во издание на Институтот за национална историја — Скопје, во почетокот на оваа година, излезе од печат трудот на д-р Владо А. Ивановски под наслов: „Ослободителната војна во Западна Македонија 1941—1944“, посветена на Триесеттодишнината од формирањето на Комунистичката партија на Македонија и создавањето на слободната територија во Западна Македонија.

„Ослободителната војна во Западна Македонија 1941—1944“ е една од ретките монографии што
историска проблематика
регион во Македонија
чки се поклопува со
на Вардарскиот дел
ија под италијанска
'41 во која спаѓаат
ови со нивните око-
Дебар, Кичево, Гос-
потоа дел од Пре-
ел од Охрид. По-
га поврзаност на
елната борба од
градовите: Ре-
[illegible] Брод, авторот повре-
м[illegible]но се навраќа и на нив во онаа мерка колку што е неопходно да се објаснат и некои настани од важност за целата територија на Вардарска Македонија под италијанска окупација.

Монографијата е компонирана врз база на обемна необјавена архивска документација, публикувани архивски материјали, литература, како и врз искази на учесници во настаните. Значењето на овој труд може да се согледа, уште повеќе, кога се има предвид фактот дека авторот, во прв ред за периодот 1941—1942 имал сосем мал број документи на располагање и отаде неговата ориентација не само за користење мемоарски материјали туку и изведување на разни анкети, што бил принуден да ги спроведува во процесот на подготовките на овој труд. Сето тоа е правено само со една единствена цел по компаративен пат да се дојде што е можно поблиску до историската вистина.

Трудот на д-р Владо Ивановски, поделен е на четири дела. На крајот е даден заклучок и резиме на руски и англиски јазик, потоа кратенки (во текстот и објаснувањата), прилози за користени извори и литература, регистер на лични имиња и регистер на географски имиња. Низ текстот на книгата печатени се 13 факсимили на поважни документи настанати на територијата на Македонија под италијанска окупација, а се однесуваат, како за оваа

територија, исто така и за НОВ на Македонија воопшто. Печатени се и 12 скици кои се однесуваат за периодот од 1941 година до конечното ослободување на Македонија.

Во предговорот на монографијата, покрај другите објаснувања, авторот потцртува дека овој регион и досега бил фрагментарно обработен во македонската историографија и во монографиите кои обработуваат одделни фази или проблеми од народноослободителната борба на македонскиот народ и народностите во периодот на 1941—1945 година. „Меѓутоа, пишува авторот, ова е прв обид да се даде целосен преглед на ослободителната војна за еден регион од Македонија, карактеристичен по многу нешта (окупацијата и окупаторскиот систем, револуционерните традиции, националниот и социјалниот состав на населението и др.). Потоа, на оваа територија се одиграа многу настани кои се од големо значење за Народноослободителната војна на Македонија воопшто (состаноците и одлуките на ЦК КПМ одржани на оваа територија, активноста и одлуките на Главниот штаб на НОВ и ПОМ на оваа територија, создавањето на првите пространи слободни територии на Македонија и ослободувањето на првите градови за време на НОБ и народната револуција, изградбата и системот на народната власт, потоа отворањето на првите училишта на македонски јазик за време на НОБ, создавањето на првите единици на македонската војска како составен дел на народноослободителната војска и партизанските одреди на Југославија, формирањето на бројни воени-задднински органи, активноста на Верското повереиство и др.) кои уште во вителот на револуцијата го одредуваа местото на Македонија во идното устројство на Југославија", с. 7—8.

Во првиот дел (с. 13—33) се обработени проблемите сврзани со априлската војна во 1941 година, окупацјата на Македонија април — мај 1941 година. Окупаторскиот систем на територијата на Западна Македонија, во овој дел обработен е периодот од април 1941 до септември 1943 година. За истакнување е што во овој дел авторот мошне успешно го обработил периодот на интеретнумот во Западна Македонија април—мај 1941 година, односно времето од германската до италијанската окупација на ова подрачје, а нарочно за формирање на пробугарски и проалбански акциони комитети и нивната активност.

Септември 1943 година авторот го зема како настан од пресвртно значење за оваа територија. Секако тоа се должи на воено-политичката ситуација настаната по капитулацијата на Италија и по ослободувањето на пространи слободни територии во Западна Македонија. Тогаш оваа територија стана центар за воените и политичките настани кои мошне позитивно се одразија во натамошниот тек на народноослободителната војна не само на ова подрачје туку и на цела Македонија.

Вториот дел од монографијата (с. 41—118) ги опфаќа подготовките и почетокот на востанието во Западна Македонија 1941—1942 година. Посебно внимание се посветува на ставот на Покраин-

скиот комитет на КПЈ за Македонија по прашањето за вооружената борба, положбата на организациите на КПЈ во Западна Македонија, подготовките на организациите за формирање на партизански одреди на оваа територија каде авторот, покрај формирањето и активноста на двата партизански одреди на оваа територија, битолско-преспанскиот одред „Даме Груев“ и Мавровскиот одред, се осврнува и на другите форми на отпор против окупаторот во периодот на 1941—1942 година (демонстрации, штрајкови, диверзантски акции, борба против воведувањето и давањето на спахилук и др.). За одбележување е успешната обработка на активноста на Окружниот комитет на КПЈ за територијата на Западна Македонија и согледувањето на правото значење на постоењето на овој Окружен комитет за кој авторот констатира: „Формирањето на Окружниот комитет на КПЈ за Македонија на оваа територија, како и активноста на инструкторите на ПК КПЈ за Македонија во голема мера придонесуваат за координирана активност во организациите на КПЈ, за организационо зацврстување на постојните организации и раководства и за формирање на нови“, (с. 101). Како одраз на сета таа активност во текот на 1942 година, на оваа територија се формирани бројни раководства: Окружниот комитет на КПЈ со седиште во Тетово, месни комитети на КПЈ во Тетово, Струга, Кичево, Дебар, Охрид, околиски комитети на територијата на Преспа и Гостивар, три реонски комитети: еден за територијата на Преспа под италијанска окупација, потоа во Маврово и Копачка — Кичевско. Покрај реонските, месните и околиските комитети на оваа територија во сите поголеми места постојат воени штабови и тоа во Тетово, Маврово, Струга, Преспа, Кичево, Гостивар и Дебар.

Активностите на организациите на КПЈ за прифаќање и организирање на селото, авторот исто така ги обработува во склопот на подготовките за вооружена борба. Притоа, извлекува заклучок дека успешното организирање на НОВ тесно е поврзано со степенот на организирањето на селото. Тоа го потврдува со фактот што во оние реони каде во 1941 година најмногу се продре во селото, во нив во наредната 1942 година се формираа и првите партизански одреди (Преспа и Гостиварско). Интересно е да се спомене дека овој феномен на улогата и значењето на селото за прв пат во ова дело постудиозно се обработува.

Развојот на вооруженото востание во Западна Македонија јануари—декември 1943 година (с. 121—218), обработен е во третиот дел на книгата. Уште во почетокот на овој дел авторот обработувајќи ја положбата во Западна Македонија во периодот јануари—септември 1943 година ни соопштува нови сознанија за формирањето на ЦК КПМ и истиот го датира кон крајот на февруари 1943 година, а состанокот од 19 март 1943 година го третира како прв состанок на ЦК КПМ во Тетово. Секако авторот овој свој заклучок пред сè го темели на документот од 28 февруари 1943 година, напишан од делегатот на ЦК КПЈ Светозар Вукмановиќ — Темпо и други соз-

нанија до кои дошол за време на истражувањето по овој проблем. Тој се осврнува и на состаноците на ЦК КПМ до летото на 1943 и тоа: во Тетово од 19 март, Лопушник од 4—5 мај и Преспанскиот состанок од 2 август, а потоа за формирање и активноста на партизанските одреди, баталјони и бригади, за создавање и проширување на слободната територија во Западна Македонија, борбите за одбрана на слободната територија, формирање и активноста на народноослободителните одбори, воено-задничинските органи, културно-просветната активност, како и целокупниот живот на слободната територија.

Ослободувањето на Западна Македонија е тема на четвртиот дел од книгата (с. 271—294). Во овој дел авторот се осврнува на положбата во Западна Македонија по напуштањето на оваа територија од страна на единиците на НОВ и ПОМ и воеството и политичкото раководство (Главниот штаб на НОВ и ПОМ и ЦК КПМ), германско-балистичката активност, како и активноста на организациите на КПЈ на оваа територија. Во продолжение ја проследува активноста на единиците на НОВ и ПОМ во текот на Февруарскиот поход, подготовките за возобновување на слободните територии во Западна Македонија, потоа формирањето на нови бригади и дивизии, како и борбите за конечното ослободување на Западна Македонија со што завршува трудот.

На крајот да заклучиме дека авторот д-р Владо А. Ивановски, и покрај низата тешкотии што се јавуваат во обработката на ваков вид на труд, успешно го обработил проблемот што пред себе го поставил и ни презентирал една многу корисна и ценета книга од најновата историја на македонскиот народ и со право можеме да речеме дека не само македонската историографија туку и југословенската историографија се здобива со едно мошне значајно дело. Книгата е мошне разбирлива и препорачлива во прв ред за сите оние што се занимаваат со проучувањето на ослободителната војна, потоа за професорите и наставниците по историја, студентите, а исто така и за широката читачка публика. Таа е од неоценлива корист за негување на богатите револуционерни традиции на нашиот народ и користење и на воените искуства од минатото.

М. М.

**Д-р Ристо ПОПЛАЗАРОВ, Грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век,**
ИНИ, Скопје, 1973 год., 324

Во годинава продукција на Институтот за национална историја видно место зазема споменатово дело на Ристо Поплазаров.

Книгата е поделена на три дела. Првиот дел содржи три, вториот пет, а третиот дел две глави. На крајот авторот дал резиме на ма-